Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

ноември 2013 година
Штип

Број 113, 15 ноември 2013 година

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество” од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника“ (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ” од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

**ПРИГОВОР** ........ 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ........ 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**До Наставно научниот совет**
**на Економски факултет Штип**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

| Примено: 8-11-2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 1707 | - 343 | 1 | |

**Приговор**

Почитувани,

**Сакам да упатам приговор** на извршениот избор на асистент за научната област маркетинг на Економски Факултет Штип , при универзитетот Гоце Делчев во Штип.
Вашите забелешки за непотполна документација се потполно неточни.
Забелешката за недоставена диплома односно четири копии заверени на нотар е неточна. Од моја страна доставено е еден оргинал и три копии заверни на нотар. За ова во прилог ќе ви доставм Пријава на која е направен прием на еден оргинал и три копии заверни на нотар.
Во врска со забелешката за оргиналноста на моите трудови се работи за трудови кои се објавени на меѓународни научни конференции па нивната оргиналност лесно може да се провери. Достава на оргинален труд од меѓународни конференции не е возможен, затоа доставен е сертификат од едната конференција,додека за втората сеуште е во изработка, но може да се потврди со зборник на објавени апстракти. Третиот труд за кој во моментот имаше само прифатен апстракт исто така е објавен и за него може дополнително да се достави сертификат.

**Барам** Наставно научниот совет при Економски факултет Штип уште еднаш да ја разгледа целата документација , бидејки сите потребни документи се во прилог и да даде реално вреднување на мојата кандидатура.

Воедно го повикувам Наставно научниот совет при Економски факултет Штип доколку „навистина" недостасува документацијата истата да ја побара од лицето Невенка Трајкова која на 16.07.2013 направила прием на документацијата и која со свој потпис ја потврдила целокупноста на документацијата.

Прилог :

- Копија од Пријава потпишана од одговорно лице во универзитетот за прием на документација

Со почит
Владимир Гоновски

Примено: 16.07.2013

Владимир Гоновски
Народни Херои 25
7000 Битола Р.МАкедонија
070/207-294 070/78-32-98
gonovski@gmail.com

## Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

### Пријава

По конкурс за избор на наставници и соработници на единиците во составот на универзитетот „Гоце Делчев“ Штип за вработување на Асистент за научна област Маркетинг на Економски Факултет

Почитувани,

Се пријавувам во врска со објавениот оглас за работната позиција Асистент за научна област Маркетинг на Економски Факултет на Универзитетот Гоце Делчев – Штип. Кога го видов огласот веднаш препознав работна позиција која сметам дека можам доста квалитетно и одговорно да ја извршувам. Моето студирање започна со додипломски студии на Економски Факултет Прилеп, каде подоцна продолжи со магистарски студии, а во моментот сум и на доктоски студии на истата високообразовна институција. Теоретските знаења кои ги добив во оваа институција ми помогнаа подоцна при моите работни ангажмани во неколку институции како што се Гица Доо - Охрид, Ик Банка - Скопје, Покредит Банка - Скопје, Охридска Банка – Скопје. Во овие институции бев и сум ангажиран на позиции кои бараат големо познавање на економијата. Сите овие знаења кои ги користам при решавање на секојдневните проблеми ги стекнав преку моето академско образование.

Во моите секојдневни контакти со сопствениците и управителите на многу компании можам да воочам дека тие имаат сериозна потреба од дополнително стручно насочување, со цел успешен пазарен настап. Заради тоа одлучив да се запишам на докторски студии = да направам зближување на теоријата и праксата.

Заради моето досегашно практично пазарно искуство надополнето со универзитетско знаење , сметам дека со изборот за Асистент за научна област Маркетинг на Економски Факултет на Универзитетот Гоце Делчев – Штип можам да дадам голем придонес и за развојот на науката но и за развојот на праксата во Р.М.

Соработката со квалитетни кадри, какви што се вработените во Универзитетот Гоце Делчев од Штип, кои го докажаа тоа со тоа што за кратко време од основањето на Унверзитетот успеаа да го стават во првите три рангирани Универзитети во Р.М, за мене ке биде голем предизвик но и привилегија.

Во очекување на одговор

Со почит,

Владимир Гоновски

Прилози:
1.Лична биографија – 4 примероци
2.Диплома (оргинал + 3 копии заверени на нотар)
3.Потврда за познавање на странски јазик
4.Листа на објавени трудови и трудови во тек
5.Примерок од магистарски труд и примероци од објавени трудови
6. Уверение за државјанство
7. Останато - Препораки и сертификати во копија (по потреба достава и во оргинал)